# E | N | E | T | O | S | H

АКТИВНО ВМРЕЖУВАЊЕ ▸ ПРОИЗВОДИ ▸ ПАРТНЕРИ

**Европска мрежа за образование и обука за безбедност и здравје на работно место**

**European Network Education and Training in Occupational Safety and Health**

## АКТИВНО ВМРЕЖУВАЊЕ

# ENETOSH

Европската мрежа за образование и обука за заштита при работа (ENETOSH) ја нуди првата и моментално единствената платформа за систематско споделување знаење за прашања поврзани со образование и обука за заштита при работа.

Мрежата беше воспоставена со финансиска поддршка од Европската комисија како дел од програмата Леонардо Да Винчи (LEONARDO DA VINCI) од октомври 2005 година до септември 2007 година. Проектот започна со 13 партнери од 10 земји.

Денес, во ENETOSH се вклучени повеќе од 40 партнери од 16 европски земји плус Јужна Кореја. Мрежата ја координира Институт за работа и здравје на германското социјално осигурување од незгоди (DGUV).

## ЕКСПЕРТСКИ ФОРУМИ
за различни нивоа од образовниот систем




Идејата дека заштитата при работа е составен дел од доживотното учење ја насочува работата на ENETOSH и затоа ENETOSH ги покрива сите области на образование, од градинка до училиште, почетна стручна обука, високо образование преку постојана стручна обука.

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

- Предавачи и обучувачи од институциите за осигурување од незгоди во Европа
- Образовен персонал за општо и стручно образование (персонал во градинки, наставници, инструктори, универзитетски професори, независни обучувачи)
- Креатори на јавно мислење и политики (претставници на здруженија, министерства, социјални партнери, Комисија на ЕУ)

## ЦЕЛИ

Активностите на нашата мрежа го промовираат следново:

1. заедничко обезбедување на квалитетот на образованието и обуката за заштита при работа во Европа

2. воведување на заштита при работа со висок квалитет во образовниот систем

3. активно споделување на знаење помеѓу сферата на заштитата при работа и образовните експерти



## ПРОИЗВОДИ

### Интернет-платформа ENETOSH

овеќе од 400 примери на ДОБРИ ПРАКТИКИ од Европа и од целиот свет – TOOLBOX со идеи за иновативни методи и медиуми • КОЈ Е КОЈ со експерти за образование и обука за заштита при работа • Мрежни поврзувања • Актуелни теми • Образование на интернет • Настани и друго...

### Стандард за компетентност на ENETOSH

Стандардот за компетентност на ENETOSH е наменет за да обезбеди квалитет на инструкторите и обучувачите за заштита при работа во Европа. Стандардот ги покрива следниве полиња на компетентност: Обука за обучувачи – Заштита при работа – Промоција на здравје при работа – Управување со заштита при работа Стандардот за компетентност на ENETOSH е признат од 14 институции од 10 европски земји и е достапен на 11 јазици. Стандардот претставува препорака и може да се користи од страна на образовните институции за потребите на вработување или за постојан професионален развој на предавачите.

### Обука и иновации

Годишен меѓународен настан на иновативни теми и методи од сите области на обука, одржан во Институтот за работа и здравје во Дрезден.





## PARTNERS WITHIN THE ENETOSH NETWORK

CIVOP – Центар за образование, информации и услуги за заштита при работа, Чешка Република • BAR U&F – Советување за работната околина – Образование и истражување, Данска • Универзитет „Лојфана“ во Лунебург, Германија • BG BAU – Завод за задолжително осигурување од незгоди и превенција во градежништвото, Германија • BGW – Завод за задолжително осигурување од незгоди и превенција во здравствените и социјалните услуги, Германија • ISPESL – Национален институт за заштита при работа и превенција, Италија • LDRMT – Орган за обука за пазар на труд, Литванија • Група за наука за безбедност, Технички Универзитет во Делфт, Холандија • AUVA – Одбор за компензација на работници, Австрија • NIOM – Институт „Нофер“ за медицина на трудот, Полска • FIOH – Фински институт за здравје на трудот • ISGÜM – Центар за заштита при работа, Турција • CIOP-PIB – Централен институт за заштита на трудот – Национален истражувачки институт, Полска • Социјално осигурување од незгоди за јавниот сектор NRW, Германија • BAUA – Сојузен институт за заштита при работа, Германија • DGB Bildungs-werk, Германија • LAS – Трудова инспекција, Брандербург, Геманија • HSL – Лабораторија за заштита при работа, Обединето Кралство • MOSHA - Македон ско здружение за заштита при работа • BMASK – Сојузно министерство за труд, социјални работи и заштита

на потрошувачи, Пазарна инспекција, Австрија • htl Донауштад, Австрија • TÜV SÜD, Германија • Универзитет во Хановер, понатамошно образование во сферата на ергономија и меѓучовечките односи на работното место, Германија • VUBP – Истражувачки институт за безбедност при работа, Чешка Република • Универзитет во Нотингем, Институт за работа, здравје и организации, Обединето Кралство • Превент, Белгија • SUVA – Швајцарски фонд за осигурување од незгоди • Фондација ROMTENS, Романија • AIAS – Италијанско професионално здружение за околина и безбедност • AWO – Државно здружение на Саксонија, Германија • Алфредо Соеиро, Универзитет во Порто, Португалија • Луис Фреитас, Универзитет Лусофона. Португалија • Manuel Maduro Roxo, Португалија • EFBWW – Европска федерација на градежни работници и работници кои обработуваат дрво • Универзитет Минхен, Институт за социјална медицина и медицина на труд и околина, Германија • KOSHA – Korean Occupational Safety and Health Agency (Корејска агенција за заштита при работа) • Институција за задолжително осигурување од незгоди и превенција во инженерството и металопреработувачката, Германија • Институт за безбедност во инженеринг на животната средина при Факултетот за науки за материјали и технологии во Трнава, Словачка • FTF – Конфедерација на стручњаци • Училиште Хансенберг, Данска • Технички универзитет Георге Асачи, Романија • Универзитет во Хамбург, Факултет за образовна наука, психологија и кинезиологија, Германија

ENETOSH е партнер на Европската мрежа на организации за заштита при работа (ENSHPO) и на глобалната мрежа на Наградата на Роберт В. Кембел (Robert W. Campbell Award), Совет за национална безбедност, САД.

ENETOSH е партнер на Европската мрежа на организации за заштита при работа (ENSHPO) и на глобалната мрежа на Наградата на Роберт В. Кембел (Robert W. Campbell Award), Совет за национална безбедност, САД.

Координатор на мрежата ENETOSH: Институт за работа и здравје на германското социјално осигурување од незгоди (DGUV)

## КОНТАКТ

нститут за работа и здравје на германското
социјално осигурување од незгоди
(Institute for Work and Health of the
German Social Accident Insurance)
Koenigsbruecker Landstraße 2 | D-01109 Дрезден

д-р Улрике Болман **(Dr. Ulrike Bollmann)**
Телефон: +49 351 457 1510
е-пошта: ulrike.bollmann@dguv.de

**www.enetosh.net**

Education and Culture
Leonardo da Vinci

DGUV
Deutsche Gesetzliche
Unfallversicherung
Spitzenverband